ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр./Nr 08-12594/1
19-11-2024 202
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на Глава IV – а од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), а согласно член 22 став 1 точка 4 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), а во врска со член 11 став 2 од Колективниот договор на ниво на работодавач - ,,Град Скопје” - Скопје (бр.08-12000/1 од 31.12.2021 година, бр.08-1024/1 од 27.01.2022 година, бр.08-3405/1 од 01.04.2022 година, бр.08-5209/1 од 04.05.2022 година, бр.08-7057/1 од 17.06.2022 година, 08-3643/1 од 07.04.2023 година, 08-3643/2 од 10.10.2023 година, бр. 08-83931 од 12.07.2024 година и 08-11514/1 од 24.10.2024 година), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за вработување на помошно – технички лица во Град Скопје

### Член 1

Со овој правилник се уредува постапката за вработување на помошно - технички лица, преку селекција на кандидатите со утврдени критериуми и одредување на бодувањето во сите фази на селекцијата.

### Член 2

Постапката за вработување на помошно-технички лица започнува со објава на јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

### Член 3

Постапката за селекција се спроведува во две фази.

Во првата фаза се врши проверка на пријавата и доказите а во втората фаза се спроведува интервју со кандидатите кои ја поминале првата фаза на селекција.

Кандидатите кои се пријавиле на јавниот оглас, во двете фази на селекција може да освојат најмногу 40 бода.

### Член 4

Во првата фаза, Комисијата за селекција формирана со посебно решение од страна на Градоначалникот, во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за пријавување на јавниот оглас врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот.

Доколку при проверката се утврди дека недостасува некој од доказите, Комисијата е должна да побара од кандидатот во рок од три дена да ги комплетира доказите.

Комисијата го контактира кандидатот преку e-mail адресата или телефонскиот број внесен во Пријавата за вработување во Град Скопје.

Пријавата за вработување ги содржи најмалку следните податоци:

- основни податоци за кандидатот - име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, контакт телефон, електронска адреса на кандидатот;
- изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
- изјава за исполнување на дополнителниот услов од огласот, со наведување ДА/НЕ за секој дополнителен услов, доколку таков се бара;
- согласност на кандидатот за обработка на лични податоци во постапката за селекција на кандидати за вработување;
- изјава на кандидатот под материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот, и
- своерачен потпис на кандидатот.

Кон пријавата за вработување кандидатот за вработување доставува кратка биографија и кратко мотивационо писмо и докази за исполнување на условите за вработување (во оригинал или копија заверена на нотар).

По комплетирање на доказите, Комисијата врши проверка на веродостојноста на доказите.

Доколку Комисијата за селекција се сомнева во веродостојноста на кој било од доказите, истата е должна да достави барање за дополнителни проверки кај органот односно институцијата која го издала доказот.

Доколку при проверка се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата и го известува Министерството за јавна администрација.

Доколку кандидатот не доставил податоци за контакт односно не ја пополнил и доставил пријавата од став 2 на овој член ќе се смета дека не е уредно пријавен и за него понатамошната постапка за селекција завршува.

Образецот на пријавата е достапен за кандидатите, на веб страницата на Град Скопје, како и во Архивата на Градот Скопје за времетраењето на јавниот оглас.

Комисијата за селекција изготвува записник со листа на кандидати со освоени бодови кои ја поминале првата фаза на селекција.

**Член 5**

Кандидатите кои се пријавиле по јавниот оглас, во првата фаза на селекција може да освојат најмногу 25 бода и тоа распоредени на следниот начин:

Образование

- За завршено основно образование....................................................... 10 бодови
- За завршено средно образование ..........................................................13 бодови
- За завршено вишо или повисок степен на образование .......................15 бодови

Работно искуство:

- За минумум работно искуство барано во огласот кандидатот добива 2 бода, а за секоја година работно искуство повеќе од работното искуство барано во огласот се добива по 0,5 бодови, а најмногу 10 бодови.

Работно искуство во струка е периодот евидентиран во агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование.

**Член 6**

Во втората фаза на селекцијата, Комисијата закажува и врши интервју на кандидатите кои ја поминале првата фаза во рок од 10 (десет) дена по спроведената прва фаза од селекцијата.

Комисијата за селекција одржува подготвителен состанок најдоцна 30 минути пред почетокот на интервјуто на кој се определува формата на интервјуто (усно или комбинирано усно и писмено) и темите кои ќе се опфатат во текот на интервјуто.

Интервјуто се состои од прашања од делокругот на работното место и прашања преку кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работното место (мотивациони прашања).

На интервјуто кандидатот може да освои најмногу 15 бодови, од кои 10 бодови за прашањата од делокругот на работното место и 5 бодови за мотивационите прашања.

Текот на интервјуто се координира од страна на претседателот на Комисијата за селекција кој треба да обезбеди еднаков и фер однос кон сите кандидати.

Комисијата за селекција поединечно за секој кандидат пополнува формулар во кој ги внесува бодовите и го потпишува формуларот.

За спроведеното интервју се составува записник со листа на кандидати со освоени бодови со кои е спроведено интервјуто.

**Член 7**

По спроведената постапка на селекција, за секое различно работно место од јавниот оглас се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале двете фази на селекција.

Од ранг-листите од ставот 1 на овој член се избираат најдобро рангираниот какндидат, односно онолку најдобро рангирани кандидати колку што извршители се бараат за таквите работни места.

Доколку на ранг-листата од која треба да се изврши изборот, најдобро рангирани се двајца или повеќе кандидати со ист број на бодови, се избира кандидатот кој има добиено најмногу бодови во првата фаза на селекција.

Ранг-листата на најдобрите кандидати, Комисијата за селекција ја доставува до Градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

**Член 8**

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилникот за вработување на помошно – технички лица во Град Скопје бр. 08-11750/1 од 18.12.2019 година.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник на Град Скопје**

**Данела Арсовска**